**Наративен извештај за активностите и резултатите на СЕММ во 2019 година**

Советот за етика во медиумите во 2019 година, главно, работеше на обработка на жалби од јавноста поврзани со медиумското известување, зајакнување на својата видливост, зголемување на јавната свест и информираноста на јавноста во врска со медиумската саморегулација, медиумската писменост и инклузивноста во медиумското известување, како и на поврзување и координирање со релевантни чинители во подобрувањето на состојбите во медиумската сфера.

Поконкретно, активностите на СЕММ во 2019 година се фокусираат на следново:

1. Промоција на СЕММ и неговата мисија кон општата јавност
2. Спроведување на редовна практика на обработка на жалби од страна на Комисијата за жалби при СЕММ
3. Координација и мрежна поврзаност во размената и градењето професионални практики за известување во медиумите и широк процес на консултации за професонализација на медиумското работење
4. Зајакнување на принципите и механизмите за  транспарентност, отчетност и одговорност на организацијата.

**<u>Промоција на СЕММ и неговата мисија кон општата јавност</u>**

Организирани се отворени денови, односно јавни седници на Комисијата за жалби на 26 февруари во Гостивар, 25 март во Штип и на 25 октомври во Скопје, во рамки на одбележувањето на Деновите на медиумската писменост. На јавните седници се разгледуваа случаите на поднесени жалби до СЕММ, а беа претставени и наодите поврзани со најчестите прекршувања на Кодексот на новинари (преку анализа на базата на податоци на СЕММ). Со присутните претставници се дискутираше за улогата и значењето на саморегулацијата, препознавањето на дезинформациите и лажните вести и начините на реагирање на јавноста кога станува збор за непрофесионално известување.

Организирана е и дебата со претставници на граѓанскиот сектор, локалната власт, сопственици на медиуми и новинари во Битола на 13.06.2019 год. Целта на оваа дебата беше да се подигне разбирањето за концептот на саморегулација во медиумите на повисоко ниво, преку директното запознавање на граѓаните и медиумите со работата на СЕММ и во овој регион. На дебатата беа презентирани и механизмите за учеството на јавноста во работата на Советот за етика во медиумите, а се дискутираше и за можностите за континуитет во соработката со локалните медиуми и организации

Медиумската саморегулација, работата на СЕММ и начинот на кој се справува со дезинформациите и лажните вести беа меѓу темите што се дискутираа на Глобалната конференција за медиумска слобода, што се одржа на 10-11 јули, во Лондон, каде што учествуваше претставник на извршната канцеларија на СЕММ.

На 8 и на 29ти октомври беа организирани дебати во Прилеп и на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, каде што беше претставена мисијата и активностите на СЕММ, се разгледуваа случаи на непрофесионално известување и се реализираше дискусија со претставници на институциите, граѓанскиот сектор, медиумите и бизнис заедницата. На 19ти ноември беше организирана дебата со истиот формат и дневен ред во Струмица. Сите дебати овозможија подобра запознаеност со работата на СЕММ и зголемена вклученост на јавноста во пријавувањето случаи на неетичко известување.

Продуцирано е 6 - минутно едукативно видео кое на илустративен начин ги обработува одлуките на Комисијата за жалби. Видеото прикажува 4 случаи на прекршување на стандардите во новинарското известување (членови 1, 7, 10 и 13). Видеото е достапно во две верзии: на македонски јазик и со албански превод на содржината.

Изработено е и видео со наслов „Јавноста клучен партнер за ефективна саморегулација“. Во видеото ставено е посебен акцент на медиумската саморегулација и поврзаноста на СЕММ со медиумите и јавноста. Пораките за внатрешната поврзаност и континуираното зајакнување на капацитетите на организацијата за размена на информации и заедничко планирање на стратегискиот развој беа клучни во видеото. Општата цел на видеото беше на јавноста да ѝ се покаже дека организацијата континуирано работи на својата отчетност, транспарентност и одговорност. Линкови од видеото:

- македонски јазик - http://semm.mk/novosti/2015-08-11-15-03-18/vesti-od-semm/647-javnosta-kluchen-partner-za-efektivna-samoregulacija
- со англиски превод: http://semm.mk/en/novosti-3/2015-08-11-15-03-18/news-from-cmem/652-javnosta-kluchen-partner-za-efektivna-samoregulacija-3
- со албански превод: http://semm.mk/sq-al/novosti-2/2015-08-11-15-03-18/lajme-nga-kemm/649-javnosta-kluchen-partner-za-efektivna-samoregulacija-2

Изработени се 4 флаери, со едукативна цел, чија содржина е подготвена врз основа на одлуките на Комисијата за жалби. Се однесуваат на членовите 1, 7, 10 и 13 од Кодексот на новинарите. Флаерите се двострани, односно на македонски и албански јазик.

За активностите на СЕММ редовно се известуваше во медиумите, а претставниците на организацијата во континуитет гостуваа во бројни емисии или пак даваат изјави за прашања во сферата на медиумското работење.

## Спроведување на редовна практика на обработка на жалби од страна на Комисијата за жалби при СЕММ

Комисијата за жалби редовно одржува седници, со цел да ги разгледува пријавените случаи на непрофесионално и неетичко известување. Во текот на 2019 година се одржаа 15 редовни седници на Комисијата.

Добиени се 83 жалби, а донесени се 77 одлуки за прекршување на Кодексот на новинарите во текот на годината. Најголем дел од одлуките се однесуваат на нарушувањето на членот 1 од Кодексот на новинари, односно во врска со објавувањето неточни и непроверени информации, немање „втора страна“ и отсуство на најмалку два меѓусебно неповрзани извори во новинарските содржини.

Освен тоа, членовите на Комисијата редовно имаат координативни средби на кои се разгледуваат реакциите на јавноста во врска со саморегулацијата, случаите на прекршување на стандардите, подобрување на практиките на работа, итн.

**Координација и мрежна поврзаност во размената и градењето професионални практики за известување во медиумите и широк процес на консултации за професонализација на медиумското работење**

СЕММ го иницира формирањето на Мрежата за борба против говор на омраза во медиумите и е нејзин координатор. Во неа учествуваат професионални медиумски и новинарски здруженија, доносители на одлуки, државните и регулаторните тела надлежни за заштита на човековите права, организации од граѓанскиот сектор и други субјекти од сферата на медиумите и заштитата на слободата на изразувањето и човековите права. Мрежата официјално беше промовирана на 30 јануари.

Советот за етика во медиумите, во широк процес на консултации и во партнерство со Здружението на новинари на Македонија и Стопанската комора на Македонија, го подготви и промовираше Регистарот на професионални онлајн медиуми. Регистарот се наоѓа на www.promedia.mk, а професионалните онлајн медиуми се претставени и на веб-страницата на СЕММ https://semm.mk/sovet-za-etika-4/clenovi-mediumi.

Како членка на Мрежата за медиумска писменост, СЕММ реализираше бројни консултации, средби и активности поврзани со афирмацијата на медиумската писмесност во државата.

Во периодот од 26-28 март, СЕММ организираше регионална конференција за советите за етика од регионот на Балканот (Србија, Албанија, Косово, БиХ, Турција и Црна Гора). Се дискутираше за концептот на саморегулација, како и за идниот стратегиски развој на овие тела. На крајот од настанот беше подготвена и јавно промовирана декларација за одржливост на советите за етика во регионот и за промоција на медиумската саморегулација. Декларацијата е достапна на https://www.radiomof.mk/sovetite-za-etika-od-regionot-apeliraa-za-standardi-vo-novinarstvoto-i-nezavisen-fond-za-svoe-funkcioniranje/

Беше организиран и пролетен камп со претставници на Советот за етика во Албанија, како и студенти од двете држави, во периодот од 17-19 април, во Струга. На средбата беа разменети искуства околу функционалноста на медиумската саморегулација, предизвиците

со кои се соочуваат двете саморегулативни тела, а особено фокус беше ставен врз саморегулацијата на интернет порталите.

## **Зајакнување на принципите и механизмите за транспарентност, отчетност и одговорност на организацијата**

Спроведена е анализа на процедурите за внатрешна поврзаност, постапки и механизми за внатрешна размена на информации меѓу органите на Советот за етика во медиумите. Како резултат на анализата, подготвен е извештај со главни наоди и заклучоци, како и препораки за измени и дополнувања на правилниците за работа.

Организирана е работилница за подобро поврзување на внатрешните органи на СЕММ и начините на поврзување со надворешната јавност. Со работилницата се иницираше зголемена комуникација меѓу органите на СЕММ, подобрување на механизмите на внатрешно поврзување во делот на правилниците за работа на органите на СЕММ и на Извршната канцеларија и подобрување и разгледување на моделите за поголема транспарентност и отчетност.

Подготвен е и Стратегиски план за внатрешно поврзување на органите на СЕММ.

Скопје, 30.10.2020 година

Марина Тунева

Извршна директорка